**ВЕТЕРИНАРНА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# КОДЕКС

# НА

# ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ЕТИЧКИ ДОЛЖНОСТИ И ПРАВА И ДЕОНТОЛОШКИ И ЕТОЛОШКИ ОДНОСИ

**Скопје 2014**

***<u>СОДРЖИНА</u>***

Кодексот на професионални етички должности и права и деонтолошки и етиолошки односи

I.ВОВЕД

II. ПРЕАМБУЛА

III. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ВЕТЕРИНАРНАТА ЕТИКА

IV. ВЕТЕРИНАРЕН  ПРОФЕСИОНАЛЕН  МЕНАЏМЕНТ

V. МЕЃУСЕБНИТЕ ОДНОСИ И ОДГОВОРНОСТ ЗА ПОВРЕДИ  НА  КОДЕКСОТ

## I. ВОВЕД

Кодексот на професионалните етички должности и права и деонтолошки и етиолошки односи (во понатамошниот текст Кодексот) на Ветеринарна комора на Р.Македонија (во понатамошниот текст Комората) содржи општи и фундаментални принципи на Докторот по ветеринарна медицина (во понатамошниот текс ДВМ) , кој ги регулира односите меѓу професијата и ДВМ, се грижи за личниот и професионален дигнитет на ДВМ, го дефинира односот на ДВМ кон животните и сопствениците и ги дефинира заедничките одговорности. ДВМ во неговата работа мора да ги почитува правата на животните и да се грижи за заштита на животинските видови.

Основа за создавање на Кодексот е ветеринарно-медицинската деонтологија и условите пропишани во Кодексот на добра ветеринарана етика на Светската ветеринарна асоцијација (Светска ветеринарна асоцијација-WVA).

Овој Кодекс, Комората, како членка на FVE ( Федерација на ветеринарите на Европа) го изработи во согласност со Кодексот на FVE.

Во Кодексот се утврдени должностите и принципите кои се однесуваат на ветеринарната професионална работа. ДВМ треба да се стреми да ја извршува работата без грешки и во чест на неговата професија.

Со усвојување на Кодексот , ДВМ се обврзува да ги почитува неговите одредби.

# КОДЕКС НА ВЕТЕРИНАРНИ, ПРОФЕСИОНАЛНИ, ЕТИЧКИ ДОЛЖНОСТИ И ПРАВА И ДЕОНТОЛОШКИ И ЕТОЛОШКИ ОДНОСИ

## I. ПРЕАМБУЛА

### Член 1

Кодексот е основен нормативен акт на Комората со кој се утврдува професионалното однесување и дејствување на ДВМ и другите учесници во ветеринарно-здравствениот систем (ветеринарниот сервис) во Република Македонија.

Кодексот се темели на слободите, правата и должностите утврдени со Уставот на Република Македонија, Декларацијата за правата на човекот и законите со кои се регулира работата на ветеринарната дејност.
Кодексот се темели на утврдување на ветеринарната професија, како независна професија и е насочен кон професионално извршување на ветеринарната дејност без елементи на принуда, со унапредување на ветеринарната професија и подигање на нејзиниот углед во општеството.
Етичките принципи се однесуваат на ДВМ кои се членови на Комората, а преку нив и на ветеринарниот технички персонал.
Со пристапување кон ветеринарната професија, ДВМ е должен да се придржува кон принципите и правилата содржани во Кодексот.
Хуманоста и грижата за животот, здравјето и благосостојбата на луѓето и животните треба да бидат основната цел на личноста (ДВМ) која се занимава со ветеринарната професија.

- **Изглед на ДВМ**

ДВМ секогаш требе да биде соодветно облечен во согласност со барањата на неговата професија, неговата работна облека треба да биде чиста, хигиенска и уредна, и да одава пристојна слика на неговата медицинска професија според условите во кои работи.

Клиентот има право да очекува ДВМ доследно да ја претставува својата професија преку изгледот на облеката која ја носи и неговиот личен однос.

- **Независност и непристрасност**

ДВМ ќе донесе лично и независно професионално мислење земајќи ги во предвид сите релевантни околности, без влијанија од трети лица или влијание од надвор.

Клиентот има право да добие непристрасен, независен и објективен совет.

- **ДВМ и евиденција**

ДВМ треба да води писмена и компјутерска евиденција за извршените прегледи и дадени терапии, во соодветен авторизиран програм, изработен за докторите по ветеринарна медицина во Република Македонија, а доколку нема авторизиран програм да изготви свој во кој ќе бидат содржани сите потребни информации за извршената услуга.

ДВМ има обврска по барање на клиентот да му ги овозможи потребните информации за терапијата , дијагнозата, цената на услугата и можниот исход.

- **Чест и интегритет**

ДВМ ќе се однесува љубезно, чесно и со интегритет во сите негови контакти со клиентите и останати инволвирани страни, вклучително и своите колеги, и не треба да се инволвира во некоја активност или да превзема акти или дејствија кои ќе водат кон дискредитација на професијата, или ќе ја загрози довербата на јавноста со својот професионален ангажман.

Клиентот има право да очекува професионален третман и пристап со сите одлики на учтивост и почит.

- **Доверба и професионалната тајност**

ДВМ ќе ја задржи довербата и професионалната тајност во односот со своите колеги и неговите клиенти, освен во посебни околности и услови на превземени дејствија и мерки кои се спротивни на законот или во случаи кога се засегнати и други инволвирани страни на теренот кој го опслужува ДВМ.

Клиентите имаат право да очекуваат дека ДВМ ќе ја цени и почитува укажаната доверба, освен во посебни околности, особено кога презентацијата на овие информации се однесуваат на јавното здравје или здравјето на потрошувачите, здравјето на животните и / или кога законот бара транспарентно обелоденување на информации.

- **Стручност и професионалност**

При вршењето на својата професија, ДВМ ќе дејствува совесно, во согласност со најдобрата методологија базирана на неговиот стручен потенцијал.

ДВМ ќе го одржува и ќе го надградува своето стручно знаење и вештини во врска со ветеринарната професија, врз основа на принципите на континуирана едукација и доживотно учење.

Клиенти имаат право да очекуваат дека ДВМ редовно ќе се информира и ќе ги следи современите знаења од областа на праксата кои се негов потесен делокруг на интерес и работа.

**Член 2**

Со етичките принципи се утврдува професионалниот приод кон животните, како кон суштества чиј живот треба да се почитува како дел од целокупниот биодиверзитет на планетата Земја.

Со Етички принципи се регулираат односите на ДВМ спрема:

- пациентот (под пациент се подразбира: индивидуално животно или група на животни).
- ембрионот на животното во негова развојна фаза во која е можно да се утврди степенот на настаната непријатност или болка која има штетни последици врз физичкиот и менталниот живот на живото суштество;
- Клиентот : сопственикот, посредникот или корисникот на животните, или на корисникот на ветеринарните услуги;
- Докторот по ветеринарна медицина ( ДВМ ) како кон свој колега и личност, како и кон техничкиот ветеринарен и административен персонал;
- граѓаните и организациите, здруженијата и институциите , кои чуваат или се грижат за животни , или се вклучени во програми и проекти за нивна заштита.
- Корисници и одгледувачи на животни.

**Член 3**

ДВМ е лице кое поседува диплома за завршен Факултет за ветеринарна медицина и се стекнал со соодветниот стручен степен , потврдено и признато од надлежните државни и меѓународни институции, каде лицето се здобило со соодветната диплома.
Ветеринарната професија во Република Македонија може да ја врши ДВМ кој поседува лиценца за работа , издадена од страна на Ветеринарната комора на Р. Македонија, која е со закон утврден правен субјект со јавни овластувања.
Инспекциските активности , во ветеринарната медицина ги вршат ДВМ (официјални ветеринари) назначени од страна на надлежниот државен орган.
При вршење на професијата и во приватниот живот ДВМ треба да го користи своето стручно знаење за афирмација на благосостојбата на животните и нивната заштита.

**Член 4**

Етичките принципи се применуваат во сите области на ветеринарната професија

- превентивна и куративна ветеринарна медицина,
- репродукција на животните,
- одгледување и исхрана на животните,

- ветеринарно јавно здравство и концептот One Health – Здравје за сите
- хигиена, санитарни услови и службени контроли на производи од животинско потекло и храна за животни,
- учество во производството на храна, производи од животинско потекло и промет на лекови за животни
- Следење и контрола на превоз на животни, ембриони и производи од животинско потекло.
- лабораториска дијагностика и нејзина валидација,
- примена на генетиката во сточарството,
- истражувања на животни,
- екологија, биологијата,заштита на дивите животни флора и фауна, заштита и контрола на контаминацијата и загадувањето,
- одгледување и здравствена заштита на риби, ракови, школки и мекотели, контрола на улов и одгледување, биологија и здравствена заштита на пчелите,
- издавање на потврди, сертификати и обезбедување на експертиза во врска со горенаведените области,
- управување, планирање, администрација, статистика и информатика во ветеринарно-здравствените активности
- учество во развојот на социо-економските односи во одгледувањето и интензивното сточарско производство и придружните индустрии,
- едукација на сопствениците на животните
- благосостојба на животните и нивна заштита.

## II ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ВЕТЕРИНАРНАТА ЕТИКА

### Член 5

ДВМ во неговиот професионален и општествен живот треба да се води и да ги следи моралните и етички принципи.
ДВМ треба да ги почитува принципите на професионалноста и да ги следи научните достигнувања во ветеринарната професија.
ДВМ треба да се стреми да задржи креативен однос кон работата и да развива добри меѓучовечки односи и ситуации во професијата.
ДВМ треба да придонесе за личниот углед и угледот на професијата со посветеност , совесност, чесност, скромност и чување на службени тајни.

### Член 6

На професионално поле, ДВМ треба своите ментални и физички способности да ги насочува кон развој и имплементација на ветеринарно-медицинската наука.
Мора да биде во корелација со другите професии од заеднички интерес.

Без оглед на видот на работа и позиција мора да ја почитува основната мисија на ветеринарната професија.

**Член 7**

ДВМ има обврска:

- енергично и совесно да ги извршува своите должности
- да се грижи за здравјето на животните,
- да учествува во заштита на човековото здравје од појава на зоонотски болести.
- да се грижи за развојот на производството на здрава храна од животинско потекло,
- со професионален пристап да се грижи за условите и околината во која тие живеат, да ги заштитува животните од злоупотреба и други аспекти за благосостојбата на животните,
- да се спречи загадување на животната средина,
- да учествува во развојот на ветеринарната професија и наука.
- постојано да го обновува и продлабочува своето знаење во областа на неговиот потесен делокруг на работа како и да го подобрува квалитетот на услугата и бизнисот
- да ги прифати и поддржува иницијативите кои се во корист на моралните и материјалните интереси на членовите на професијата, притоа не запоставувајќи го општиот интерес на општеството,
- да ги заштитува колегите кои го почитуваат законот, пред било каква оцена на нивната личност, стручност и професионална работа.

**Член 8**

Правилата на Кодексот се однесуваат на:

- Докторите по ветеринарна медицина кои во својство на физички лица се членови на Комората.
- Помошниот и техничкиот ветеринарен персонал кој работи под надзор на ДВМ.

## III. ВЕТЕРИНАРЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН МЕНАЏМЕНТ

**Член 9**

При извршувањето на своите професионални должности, ДВМ треба да обезбеди навремена и адекватна ветеринарна услуга преку професионално, совесно, чесно, ефикасно и разумно работење.
ДВМ секогаш треба да помогне во рамките на своите стучни можности и активно да учествува при итните ситуации.

Работата на ДВМ треба да биде базирана врз основа на правилата на професијата и на моменталната состојба во ветеринарно-медицинската наука.
Главна обврска на ДВМ е да го воспостави нормалниот здравствен статус и/или да го обезбеди здравјето и благосостојбата на животните, што се под негова грижа, со примена на добра ветеринарна пракса, да обезбеди намалување на болка, или страдање на животното , без разлика на тоа во која областа ДВМ ја врши ветеринарната професија.

Добра ветеринарна пракса покрај останатите процедури се однесува и на секоја минимална интревенција од страна на ДВМ која ќе обезбеди соодветно ослободување на животното од ситуација на болка или страдање.
Состојба на предизвикање болка, или страдање на животните мора секогаш да се избегнува.
Примена на добра ветеринарна пракса претставува примена на најдобрите методи , техники и процедури со кои располага ДВМ во тој момент за да им се помогне на животните.

**Член 10**

При извршувањето на ветеринарната дејност , ДВМ како експерт може слободно да избере метода на работа што е во согласност со правилата на професијата.
При изведување на интервенција ДВМ треба изборот да го направи врз основа на стручноста и оценката на моменталната ситуација и совест, при тоа земајќи ги во предвид сите можни последици кои што можат да произлезат од преземените одлуки и дејствија.

**Член 11**

ДВМ е обврзан на континуирано професионалено усовршување и обнова на своето знаење, вештини и компетенции, и истите заедно со своето стекнато искуство треба да ги пренесува на своите колеги.
Потребата за профитабилност и заработувачка не смее да биде во спротивност со етичките принципи пропишани со овој Кодекс.

**Член 12**

ДВМ може да ги користат само оние професионални квалификации и титули или наслови кои се стекнати по законски пат, на начин кој е признат од страна на надлежните институции во Република Македонија или трети страни со кои државата ги има правно-формално регулирано односите во делот на взаемно признавање на стручните квалификации од областа на ветеринарната медицина и наука.

ДВМ е должен да ја користи својата титула во вербалната и писмена комуникација со клиенти, институции и јавност , во рамките на својот професионален ангажман.

**Член 13**

При извршување на активностите ДВМ мора да се придржува кон одлуките кои ќе ги донесе сопственикот на животното, кој се води според свои лични убедувања освен во случаи кога тие се спротивни на ветеринарната етика или го загрозуваат јавното здравство.
Во случаи каде што приватни одлуки на сопственикот се спротивни на граѓанската или ветеринарната етика, ДВМ не смее да користи сомнителни научни или стручни методи, или да презема постапки кои се во спротивност со принципите на ветеринарната медицина.
При извршување на ветеринарните активности ДВМ мора да го избегне непотребното загрозувањето на здравјето и животот на животните. или луѓето , при тоа внимавајќи да не се загадува животната средина.
Неприфатливо и спротивно на ветеринарната етика е да се соработува со луѓе кои не ги почитуваат утврдените принципи.

**Член 14**

Приоритетот при извршувањето на професионална интервенција, ДВМ мора да го утврди врз основа на стручната и темелна проценка за секој случај поединечно..
ДВМ е независен во изборот на методите, начинот на лечење и вршењето на интервенцијата на секое животно, и според тоа е должен за постапката и трошоците да го запознае клиентот т.е. корисникот на услугите.
Давањето на ветеринарната услуга се спроведува по договор со клиентот пред да се пристапи кон лечењето односно интервенцијата.
Ветеринарната услуга вклучува: прием и преглед на животното, дијагноза, интервенција , пропишување и употреба на лекови како и секоја соодветна услуга која ја нуди ДВМ за секој случај поединечно.
ДВМ може да ги препише само оние комерцијални или магистрални лекови кои се одобрени со решение за ставање во промет од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство ( во понатамошниот текст АХВ) и се користат во најсоодветна и најефикасна форма и доза за примена.
ДВМ може да ги пропише само оние производи и дози кои одговараат на дадените упатства, според неговото стручно искуство и реалните околности.
ДВМ треба да ги земе во предвид сите потенцијални и реални ризици кои можат да произлезат од неправилна употреба на пропишаните лекови.
При примена на лековите ДВМ треба да биде претпазлив и да води сметка за периодот на каренца, особено кај животните или нивни производи кои се користат за исхрана на луѓето.

Лекувањето и третманот на животните и пропишувањето на ветеринарно медицинските препарати или помагала без извршен преглед и поставена дијагноза, не е дозволено.

## Член 15

При давање на услугите ДВМ мора да задржи умерен и дискретен однос и мора да се придржува кон етичките начела и принципи на добра ветеринарна пракса.
ДВМ не смее да го подценува и омаловажува стручното знаење и способност на другите ДВМ, како ни да ја истакнува сопствената стручност и способност на сметка или на штета на останатите колеги.
Нелојалната конкуренција и нападни реклами, особено на штета на другите колеги, се неприфатливо однесување и претставува сериозно прекршување на Кодексот.

## Член 16

Во случаи кога ДВМ нема доволно технички можности или стручност и знаење од одредена област на ветеринарната медицина или наука, должен е да го упати клиентот до соодветно ветеринарно друштво или институција која може за да ја обезбеди адекватната ветеринарно-здравствена помош за животните.
ДВМ мора да му ја предочи можноста на сопственикот на животните за консултации со друг ДВМ или специјалист, во секое време, во согласност со релевантноста или специфичноста на случајот.

## Член 17

Документите издадени од страна на ДВМ мора да бидат правилно заверени и потпишани, изготвени професионално, одговорно и непристрасно.
Во нив не треба да биде изоставен ниту еден факт, без разлика колку тој изгледа неповолен или небитен .
Работата за која ДВМ издава документ, мора да биде извршена лично од негова страна.
Одредени работни задачи во негово отсуство може да ги врши и друго лице вработено во ветеринарното друштво или институција, но само врз основа на одобрение на ДВМ и негова лична одговорност.
ДВМ мора да се придржува кон правилата и содржината на документи потпишани од страна на колегите.
Ако не се согласува со содржината на документот , негова должност е да го изрази своето несогласување со мислењето на колегата кој го пополнил документот.

Во случај кога со непосреден разговор или договор нема се реши недоразбирањето во врска со одреден спор, за настанатата состојба треба да биде известена Комората со официјален допис.

## Член 18

Се почитува и вреднува секое објавување и презентација на оригинални стручни и научни трудови од областа на ветеринарната медицина.
Основната етичка должност на авторот е да укаже на изворот на податоци со кои се користел, а кои не се резултат на неговата работа.
Плагијатот е бесрамен и нечесен чин и претставува сериозно прекршување на професионалната етика.

## Член 19

Ветеринарната професија претставува услужна дејност од областа на ветринарното здравство, и затоа треба да се управува и менаџира со цел таа да биде профитабилна.
Право на секој ДВМ е да биде соодветно платен за својата работа , според своето стучно знаење и искуство.
Ветеринарните услуги се наплаќаат според ценовникот за минималните цени на услугите пропишан од страна на Комората.
Цените кои се однесуваат на услугите за јавните овластувања се наплаќаат стриктно според одлуки или решенија донесени од страна на надлежен државен орган.
Не е дозволена наплата на пониски цени на ветеринарните услуги од оние кои се утврдени со минималниот ценовник на услуги пропишан од Комората. .
Секоја ветеринарна организацијата мора да го поседува и да се придржува до ценовникот.
Наплаќање на повисоки цени од оние пропишани со ценовникот, може да се направи во сите случаи на соодветно квалитетно ниво на дадена услуга, според реалните трошоци за услугата, ако со тоа претходно се согласил корисникот на услугата.

## Член 20

Можно е да постојат оправдани сомнежи во намерата или волјата на клиентот да плати за услугата која треба да ја добие или ја добил.
Не е неетички да се провери платежната моќ на клиентот и неговата способност да плати за добиената услуга.
Треба да се избегнуваат клиенти кои немаат платежна моќ или не се во можност да платат за добиената услуга.

Исклучок од ставот три од овој член се однесува на ситуации кога ДВМ е должен да интервенира во итни ситуации или при ослободување на животното од болка или страдање.

**Член 21**

ДВМ мора да ги почитува интересите на другите професии и професионалци, без притоа да наштети на својот интегритет или дигнитетот на својата професија.
ДВМ не може да учествува во активностите кои се во рамките на применливите закони и прописи во исклучива надлежност на други професии.
Право и должност на ДВМ е да се бори за интересите на својата професија и да работат во интердисциплинарни области, заедно со други експерти.

## IV. МЕЃУСЕБНИТЕ ОДНОСИ И ОДГОВОРНОСТ ЗА ПОВРЕДИ НА КОДЕКСОТ

**Член 22**

Односите меѓу ДВМ мора да бидат базирани на заемно почитување , меѓусебна поддршка и солидарност, пријателство, толеранција, чесност, заемна доверба и достоинство.
ДВМ имаат право и должност на професионална соработка, размена на искуства, ставови и мислења и меѓусебната морална и професионална поддршка.

**Член 23**

Неморално е од страна на ДВМ да се применуваат постапки кои грубо ги навредуваат колегите, штетат на нивната чест, углед или деловни односи или го рушат дигнитетот на ветеринарната професија.
При решавање на спорни прашања или ситуации, никој од учесниците не треба да користи службени или приватни притисоци, политички, социјални, економски или притисоци од административен карактер.

**Член 24**

ДВМ кој не е задоволен од постапките и одлуките на Комората има право да користи правни и други средства во демократското граѓанско општество.

ДВМ кој при користењето на своите права, според законот , морално и правилно ја информирал јавноста, не може да биде обвинет за кршење на етичките стандарди на Кодексот.

**Член 25**

Кршење на принципите од Кодексот ги утврдува Судот на честа на Комората во прв степен, или Извршниот одбор во втор степен. По конечноста на правосилната одлука ДВМ има право на жалба до надлежниот орган според Статутот на Комората.
Судот на честа, дејствува во согласност со Статутот на Комората, Правилникот за работа на Судот на честа и Дисциплинско-етичкиот правилник.
Задача на судовите е изрекување на дисциплински мерки во текот на фер судење, врз основа на основани докази за одговорност, во случаи на дисциплинска постапка и спорови, согласно Статутот и овој Кодекс.

**Член 26**

Кодексот обезбедува заштита на секој член на ветеринарната професија без оглед на возраста, професионалното искуство, или стаж во организацијата во која ја извршува ветеринарната дејност.

**Член 27**

Принципите на овој Кодекс обезбедуваат подршка и заштита за ДВМ кои сакаат своето професионално однесување да го одржат на највисоко ниво, но во исто време ја дава темелната рамка за изрекување на санкции за оние членови на Комората кои даваат ветеринарни услуги, или делуваат на несоодветен и непрофесионален начин, спротивно со принципите на ветеринарна етика.

Комората во согласност со одредбите од Статутот и другите акти, може да поведе дисциплинска постапка и да превземе и одреди дисциплинска постапка против ДВМ, кои во тек на ветеринарната пракса работат во судир со принципите на овој Кодекс.

**Член 28**

Кодексот влегува во сила со денот на донесување од страна на Собранието на Комората.

Во Охрид, 09.05.2014

**Ветеринарна комора на Р. Македонија**

ПРЕТСЕДАТЕЛ

д-р Томислав С. Николовски